**Република Северна Македонија**
**Центар за управување со кризи**
**Број** 04-4064/6 **од** ________ **2021 година**
**Скопје** 19-11-2021

Врз основа на член 6, од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/18), директорот на Центар за управување со кризи донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2021 за унапредување на помошно техничко лице во Центар за управување со кризи

1. Помошно техничкото лице **Дејан Митовски**, по пат на интерен оглас број 02/2021, се избира на работно место УПР0402А01001 Главен чувар – Обезбедување на објектите и опремата, во Сектор за административна поддршка на директорот, заменик директорот и владините тела во Системот за управување со кризи / Одделение за безбедност и соработка со безбедносни служби, еден (1) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 02/2021, со архивски број 07-4064/1 од 15.11.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-7745/2 од 05.08.2021 година и број 18-7745/5 од 11.11.2021 година, директорот на Центар за управување со кризи упати барање до Сектор за управување со човечки ресурси со архивски број 09-4027/1 од 12.11.2021 година за унапредување на помошно техничко лице во Центар за управување со кризи. Секторот за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2021 за унапредување на помошно техничко лице во Центар за управување со кризи, на ден 15.11.2021 година на веб страната на Центар за управување со кризи. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на помошно

техничко лице, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување со архивски број 04-4064/3 од 17.11.2021 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работното место од интерниот оглас (само еден кандидат достави пријава за интерниот оглас број 02/2021) и одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за вработени во јавен сектор и Правилникот за систематизација на работни места во Центар за управување со кризи. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 02/2021 за унапредување на помошно техничко лице со архивски број 04-4064/4 од 19.11.2021 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на помошно техничко лице заради спроведување на интервју со архивски број 04-4064/5 од 19.11.2021 година, изготвија Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, која е составен дел на Записникот за работа на Комисијата за селекција за унапредување на помошно техничко лице заради спроведување на интервју со архивски број 04-4064/5 од 19.11.2021 година.

Врз основа на ранг листата, директорот на Центар за управување со кризи донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе договор за унапредување на именуваното помошно техничко лице.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државна Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по жалби и приговори на вработените, во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на web страната на Центарот за управување со кризи.

**ДИРЕКТОР:**
**Стојанче Ангелов**

Доставено до:
- именуваниот
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Архива